Проект „**Поддршка за модернизација и иновативно управување**

**во земјоделскиот сектор (задруги)**”

Проектот „**Поддршка за модернизација и иновативно управување во земјоделскиот сектор (задруги)**” имаше за цел да обезбеди финансиска поддршка за иновативни инвестициски проекти и деловни активности на субјекти кои работат во земјоделскиот и агро-прехранбениот сектор, вклучително и земјоделските задруги.

Во рамките на оваа грантова шема беа потпишани два договори за грант, чија имплементација започна на 1 февруари 2023 година.

ЛОТ 1 со налов „***Зајакнување на модерното и одржливо земјоделство–AgroSmart***” имаше цел да го поттикне развојот на земјоделските претпријатија и земјоделските задруги преку поддршка, забрзување и проширување на иновативни идеи, нови технологии и технолошки напредок, како и да се придонесе кон рамномерен и одржлив регионален развој преку зајакнување на виталноста на руралните средини во Североисточниот, Полошкиот, Југозападниот и Преспанскиот плански регион и создавање поповолни услови за живот и економски развој.

Целни групи на овој дел од проектот беа земјоделци и групи на земјоделци; земјоделски задруги; млади и жени од руралните средини; производители; организации и здруженија на производители; и локални деловни организации.

Клучни остварувања што се постигнаа при реализација на овој проект беа дигитализација и воведување паметни земјоделски технологии; автоматизација за зголемување на продуктивноста и намалување на трошоците за работна сила; одржливо управување со природните ресурси, особено водата и енергијата; примена на обновливи извори на енергија преку соларни системи; зголемување на додадената вредност преку преработка, пакување и подобрување на квалитетот на производите; подобрување на квалитетот, следливоста и пазарниот пристап на земјоделските производи и зајакнување на земјоделските задруги и поттикнување на одржлив рурален економски развој.

Во рамките на спроведување на активностите беа објавени три повици, со кои беа договорени инвестиции во вкупна вредност од приближно 382.030 евра, при што 75 % од средствата беа обезбедени преку грант од Европската Унија, а 25 % беа обезбедени како сопствено кофинансирање од страна на корисниците.

Како корисници на поддршка во рамките на овој проект:

- „Organic Milk” од Полошки регион со дејност млекопроизводство набави Робот за чистење на патеки и робот за хранење телиња (вештачка мајка) со што ја подобри хигиената, ги намали оперативните трошоци и го зголеми квалитет на млекото;
- Земјоделската задруга „Кринино” од Југозападен регион со дејност производство на млеко и сточарство, постави Автомат за продажба на свежо млеко;

- „Avifly” од Североисточен регион со дејност дигитално земјоделство, набави земјоделски дронови со мулти спектрални камери и систем за прскање, со што се обезбеди попрецизно земјоделство, подобрен мониторинг на посевите и оптимизирано наводнување и прихрана;
- Земјоделска задруга „Еко-Овчеполка” од Североисточен регион со дејност Овчарство, набави соларно напојувани GPS уреди и софтвер за следење на активноста на овците;
- Земјоделска задруга „Преспанка” од Преспанскиот регион со дејност производство на јаболка набави соларно напојувани пумпи за вода, со што обезбеди поефикасно наводнување, намалени емисии на $CO_2$ и поодржливо производство;
- „ИМВ Јаким” од Североисточниот регион со дејност производство на лешници, набави паметни уреди за следење на почвата и воздухот и земјоделски дрон со CDA систем за прскање, со што овозможи подобрен мониторинг, прецизно прскање и модернизација на производството;
- „Cherry Fruit” од Преспанскиот регион, со дејност производство на цреши, воведе автоматизиран систем за фертигација, со кој го оптимизираше наводнувањето и прихраната, го подобри квалитетот на производството и ја зголема одржливоста;
- „SPEKTROCANN – PROCANN SOLUTIONS” од Југозападен регион со дејност Агротехнолошки услуги, набави земјоделски дронови за мултиспектрално и топографско снимање и софтвер за анализа, со што обезбеди подобрен мониторинг на земјоделските култури и носење одлуки базирани на податоци;
- Земјоделската задруга „Крани” од Преспанскиот регион со дејност Управување со системи за наводнување набави автоматска филтер-станица за системот за наводнување;
- Земјоделската задруга „Прва Био Кооператива” од Југозападниот регион со дејност органско производство и преработка на лешници, набави машини за миење, сушење, печење и ладење на лешници, и ја постигна целта зголемена продуктивност, подобрен квалитет на производите и создавање производи со додадена вредност.
- Земјоделската задруга за традиционално сточарство „Шарри“ од Полошкиот регион со дејност производство на млеко и сточарство, набави опрема за пакување, вакумирање и етикетирање, со што постигна подобрена преработка на млеко, зголемени приходи и зајакнување на задругата.

ЛОТ 1 во вредност од 549.998 € го спроведуваше Македонска фондација за развој на претпријатија со партнерите Македонска фондација за развој на претпријатија, Здружение „Центар за едукација и можности за претприемништво“ – Скопје и Хемера ДООЕЛ, Орешани – Зелениково, во времетраење од 24 месеци, започнувајќи од 1 февруари 2023 до 1 февруари 2025 година.

<u>ЛОТ 2</u> со наслов „***Зајакнување на управувањето со земјоделските задруги за подобрување на конкурентноста во земјоделскиот сектор – Competitive Agricultural Cooperatives***” беше насочен кон надминување на предизвиците поврзани со ограничените производствени капацитети на земјоделците и земјоделските задруги, недоволната стандардизација на квалитетот на земјоделските производи и нивната слаба пазарна позиција. Овие предизвици беа адресирани преку воведување модел на соработка и иновативно управување со земјоделските задруги како носители на производи со ознака за квалитет и географско потекло, а дополнети со шема за под-грантови за зголемување на конкурентноста и подобрување на позицијата во синџирите на вредност.

Општата цел беше подобрување на конкурентноста на земјоделските задруги и квалитетот на живот во руралните средини преку обезбедување специјализирани советодавни услуги и финансиска поддршка за зголемување на производствените капацитети, пазарното учество и пристапот до финансиски средства.

Во рамките на проектот беа поддржани осум земјоделски задруги, и тоа:

- ЗЗ НЕКТАР – БТ – с.  Љубојно, Преспа за набавка на мешана опрема и механизација за пчеларење како касетни центифуги, млинови, топилник за восок итн;

- ЗЗ КРАНИ – с. Крани, Преспа за набавка на автоматска филтер станица за наводнување;

- ЗЗ ПРЕСПАНКА – ПРЕСПАНСКО ЈАБОЛЧЕ – Ресен за набавка на земјоделска механизација (атомизери, платформи за хидраулично подигање, меѓуредна фреза;

- ЗЗ КРНИНО – с, Крнино, Кичево за модернизација на постоечките капацитети за производство на млечни производи од кравјо  и овчо млеко. Набавка на лактофризер со капацитет од 650л, комплет линија за молзење на 6 крави во еден турнус, котлара за пастеризација на млеко, утоварач за ѓубре;

- ЗЗ ШАРРИ – Тетово за модернизација во овчарското производство и стекнување со заштитна географска ознака за производство на Тетовскиот грав. Набавка на опрема за молзење на овци и производство на сирење на традиционален начин (машини за молзење на 4 овци, када за саламурење на сирење, казан за потсирување итн.) Дополнително, со грантот е предвидено  ЗЗ Шарри да се стекне со заштитна географска ознака за производство на добро познатиот Тетовски грав).

- ЗЗ ЕКО ОВЧЕПОЛКА – с. Петралица, Ранковце за воведување на машинско молзење на автохтона раса на Македонска овца, Овчеполска праменка, се набави линија за молзење на 24 овци во еден турнус, како и две подвижни машини за молзење на 4 овци во еден турнус).

Проектот беше успешно заокружен со завршен настан одржан на 29 април 2025 година, чија цел беше промоција на земјоделските задруги, истакнување на нивната улога во развојот на конкурентно и одржливо земјоделство, како и поттикнување на вмрежување, размена на искуства и воспоставување нови партнерства меѓу релевантните чинители во агро-прехранбениот сектор.

ЛОТ 2 со вредност од вкупен буџет 500.000 € (од кои 260.050 € беа наменети за грантови) го спроведуваше конзорциум составен од Македонска асоцијација на земјоделски задруги и Здружение за бизниси и консултанти „Креација, со времетраење од 24 месеци, започнувајќи од 1 февруари 2023 до 1 февруари 2025 година.

Проектот беше финансиран од Европската унија – во рамките на Инструментот за претпристапна помош (ИПА II – 2019) со вредност од  1.200.000 €.

HEMERA МАЗЗ КРЕАЦИЈА ЗДРУЖЕНИЕ НА БИЗНИСИ И КОНСУЛТАНТИ

EU with YOU

Република Северна Македонија
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство